ЕДУКАТОР ВО АМБУЛАНТА

На ниво на ПЗЗ, програмата за специјализација ќе ја изведува *избран доктор по медицина кој пружа услуги на примарна здравствена заштита* ***(едукатор).*** При тоа едукаторот е целосно одговорен за укажувањето на здравствената заштита од страна на специјализантот и остварувањето на неговите едукациски потреби. За реализирање на одредени/посебни едукациски потреби на специјализантот, во изведување на поедини делови од обуката можат да бидат вклучени и други лекари од амбулантата, а по исклучително барање од едукаторот.

Едукаторите ќе бидат клучни за успехот на специјализацијата и затоа е неопходно да:

- имаат широки познавања за едукациските процеси,
-имаат способност да ја преиспитуваат својата сопствена работа
-бидат подготвени да го споделуваат своето знаење и искуство, вклучувајќи ги и своите грешки, со специјализантите.
-имаат добро познавање на медицината и нејзината примена во ПЗЗ.
-Да имаат организирани активности за следење на квалитетот на здравствената заштита

Едукаторот:

-Ќе го одреди стилот на учење на специјализантот и ќе ја прилагоди обуката кон индивидуата (му помогне на специјализантот да ги дефинира потребите на учење).

-Ќе врши надзор на работата на специјализантот: набљудување на студентот при земање на анамнеза, физикален преглед и клиничко решавање на проблемите. Откако едукаторот ќе стекне доверба за компетентноста на специјализантот, едукаторот може да го зголеми нивото на одговорност во грижата за пациентите.

-Во колку специјализантот не се чувствува компетентен да реши одреден проблем треба да се консултира со едукаторот.

-Ќе му обезбеди на специјализантот водење на медицинска документација и исполнување на цели

-Ќе одржува висок стандард на здравствена нега во амбулантата

-Ќе му овозможи пристап на специјализантот до потребната медицинска информација (на пр. библиотека, Интернет)

-Ќе ги обезбеди сите потребни помагала за да може едукаторот и специјализантот да обавуваат истовремено консултации

Центар за семејна медицина, Медицински Факултет Скопје
Ул. 50 Девизија бб, 1000 Скопје, Р.Македонија
Тел: ++389 2 3214340
contact@semejnamedicina.mednet.mk

-Ќе обезбеди одредено време за активности како што се дискусија по одредени проблеми и дискусија за нега на пациенти

-Ќе ја организира амбулантата така што специјализантот ќе има доволно време за консултации

-Ќе ја организира амбулантата така што специјализантот ќе види доволен број на пациенти

-Да не дозволи специјализантот да работи во амбулантата без надзор

-Ќе обезбеди специјализантот да присаствува на состаноците во амбулантата, и клинички и менаџерски

Методи на учење

Едукаторите ќе имаат важна улога во едукација на специјализантите. Се очекува специјализантот да биде **ученик до крајот на животот**, и да биде поттикнуван кон **самонасочено учење** (усмерувајќи се кон сопствените потреби за едукација). Тој/таа ќе биде охрабруван од едукаторот да подготвува **личен план за учење**, кои ќе служат за формативна проценка како од самиот специјализант, така и од едукаторот. Му помага на специјализантот да се подготви за завршна евалуација.

Специјализаните ќе учат во амбулантите со помош на следниве методи:

- Опсервација
- демонстрација
- диалог
- консултација со едукаторот
- спроведување на стекнатите знаења во пракса
- дебрифинг (дискусија за пациентите)
- анализа на случајно избран пациент
- анализа на консултација, понекогаш со употреба на аудио или видео лента.
- Дискусија по одредена дијагноза или случај
- Ревизија на медицински белешки/картони
- Ревизија на стручен дневник
- Групни семинари
- Дискусија на актуелни медицински студии
- Лична наобразба: книги, медицински списанија, интернет

Методата на едукација ќе зависи од местото каде се изведува обуката, од специјализантот, од вештините, искуството и од креативноста на едукаторот, како и од достапноста до информации и материјали.

Едукаторот е должен секој месец до Центарот за семејна медицина да достави Месечен извештај за специјализантот.